АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 10.06.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2472 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат";

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач „Вечер";

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха";

2.5. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм";

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Фокус";

2.7. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник";

2.8. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан Хафтал'к Билтен";

2.9. Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски Глас";

2.10. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата од 09 јуни 2020 година на весниците „Нова Македонија" бр. 24950, „Слободен печат" бр. 1977, „Вечер" бр. 17342, „Коха" бр. 3971 и „ Лајм" бр. 3985;
- изданието од 1 јуни 2020 година на весникот „ Јени Балкан Хафтал'к Билтен " бр. 118;

- изданието од 10 јуни 2020 година на весникот „ Битолски весник " бр. 2871;
- изданијата од 4 јуни 2020 година на весникот „Фокус" бр. 1287;
- изданието за месец мај 2020 година на весникот „Штипски глас" бр. 100; и
- изданието од 5 јуни 2020 година на весникот „Зенит" бр. 601.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум;*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум;*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото; и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***